ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1087/1
28.12.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, а во согласност со одредби од Законот за Црвен крст на Република Македонија и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, и Правилникот за содржините на програмата за обука за постапување во случај на сообраќајна незгода за кандидатите за возачи (Службен весник на РМ бр.31/2008 година) и во согласност со овластувањето кое го даде Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ на својата 31ва седница одржана на ден 22.12.2020 година, Претседателот на ден 28.12.2020 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСНА НАСТАВА И ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ПРВА ПОМОШ НА ЛИЦА ПОВРЕДЕНИ ВО СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува оспособувањето на кандидатите за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода од страна на Црвениот крст на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ЦКРСМ), начинот на организирање и времетраењето на курсната настава, правата и обврските на кандидатите за возачи, проверката на оспособеноста на кандидатите за возачи, издавање на уверение, како и архивирање и чување на документацискиот материјал.

Член 2

Заради територијална покриеност и достапност на граѓаните, ефикасно искористување на ресурси и овозможување на брз и ефективен процес, оспособувањето на кандидатите за возачи и проверката на оспособеноста на кандидатите за возачи ЦКРСМ ја спроведува преку/во општинските организации на Црвен крст (во натамошниот текст: ООЦК) и Црвениот крст на град Скопје (во натамошниот текст: ЦКГС) со овластување за вршење на дејноста, кои се јавуваат како организатори на курсна настава.

Условите кои ООЦК/ЦКГС треба да ги исполнуваат за организирање на настава и проверка на оспособеноста на кандидатите за возачи и добивањето на овластување за вршење на дејноста се регулирани во посебен правен акт Правилник за условите и начинот на добивање овластување за организирање на курсна настава за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода.

## II. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСНА НАСТАВА

### 2.1. Курсна настава

Член 3

Оспособувањето на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош се спроведува преку организирање на курсна настава.

Член 4

Наставата опфаќа: теоретски и практичен дел.

Наставата е со вкупно траење од осум школски часа, и истата се спроведува согласно Правилникот за содржините на програмата за обука за постапување во случај на сообраќајна незгода за кандидатите за возачи.

Член 5

Наставата ја изведува предавач по прва помош за кандидати за возачи доктор на медицина кој е сертифициран од страна на ЦКРСМ со важечка легитимација, а на кој му помага демонстратор кој учествува во реализирањето на практичниот дел.

Член 6

На курсот по прва помош можат да присуствуваат најмалку 5, а најмногу до 15 кандидати во една група.

Присуството на наставата за пријавените кандидати е задолжително.

Во групата во која има пријавено над 10 кандидати покрај предавачот, во спроведувањето на практичниот дел на наставата задолжително учествува и демонстраторот.

Член 7

За кандидатите за возачи кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, курсната настава може да се организира и спроведува и на тој јазик и писмо.

Курсната настава покрај на македонски јазик може да се организира и спроведува и на другите службени јазици на територијата на Република Северна Македонија и нивните писма, доколку се обезбеди соодветен кадар.

## 2.2. Права и обврски на кандидатите

Член 8

Право да се пријави за посетување на курсна настава по прва помош има секој кандидат кој има наврешено 15 години.

При пријавувањето кандидатот пополнува пријава за посетување на курс по прва помош, кон која приложува копија од документ за лична идентификација и доказ за извршена уплата на соодветен надоместок на жиро сметката на организацијата која ја организира курсната настава.

Член 9

Цената на курсот, висината на надоместоците и другите трошоци за реализација на курсевите се утврдуваат со Одлука на Раководниот одбор на ЦКРСМ во висина на реално направените трошоци до донесување на актот од надлежните органи согласно член 281-а од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и член 164 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 10

Пријавата за курсот по прва помош ги содржи следниве податоци:

- име и презиме,
- датум на раѓање,
- адреса на постојано живеалиште/пријавено престојувалиште,
- место и датум на пријава,
- контакт телефон,
- потпис на кандидатот.

Член 11

Пријавата и плаќањето за курсот кандидатот може да ги направи и он-лајн преку официјалната веб страна на ЦКРСМ и во тој случај кандидатот лично се потпишува на пријавата на денот на одржувањето на наставата во просториите за одржување на курсна настава.

Член 12

Кандидатот ја поднесува својата пријава во организацијата која ја организира курсната настава според неговото живеалиште, односно во организацијата каде има пријавено престојувалиште во последните шест месеци.

Член 13

При пријавувањето или пред започнување на курсната настава, кандидатот од страна на организацијата која ја организира курсната настава задолжително добива прирачник со наставни содржини поврзани со укажување на прва помош на повредени во сообраќајна незгода.

Член 14

Ако кандидатот без оправдана причина, не ја посетува курсната настава уплатениот износ на средства за пријавата не се враќа и истите можат да се искористат во рок од шест месеци од денот на пријавувањето

По истекот на рокот од шест месеци ако постојат објективни и оправдани причини, уплатениот износ може да му се врати на кандидатот.

Во случај кандидатот да започне да ја посетува курсната настава, а да не ја доврши, истата има право да ја заврши во рок од 60 (шеесет) дена.

## III. ПРОВЕРКА НА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ВОЗАЧИ ЗА ПРВА ПОМОШ

### 3.1. Проверка на оспособеноста

Член 15

Во текот на спроведувањето на курсната настава се врши континуирано следење на кандидатите за секој дел од наставната програма.

На крајот од курсната настава се врши проверка на оспособеноста на кандидатите.

Член 16

Проверката на оспособеноста ја врши предавачот на обуката по прва помош за кандидати за возачи.

Предавачот на обуката по прва помош за кандидати за возачи ги има следните задачи и овластувања:

- ги запознава кандидатите со процедурите за проверката на оспособеноста;
- го оценува тестот од проверката на оспособеноста;
- ја потпишува документацијата за проверка на оспособеноста.

Член 17

Проверката на оспособеноста на кандидатот се врши преку контролен тест во електронска или писмена форма.

Кандидатот пополнува тест од 15 прашања по принципот на избор на еден точен одговор од понудени три одговори.

Кандидатот ќе се смета дека е оспособен доколку има одговорено точно на најмалку 10 прашања.

Предавачот за секој кандидат посебно, на листа изготвена за таа намена забележува "Е оспособен" или "Не е оспособен".

По извршениот тест се прави записник за успехот на секој кандидат и истиот го потпишува предавачот.

Член 18

Контролниот тест за проверка на оспособеноста на кандидатот, покрај на македонскиот јазик се спроведува и на другите службени јазици на територијата на Република Северна Македонија и нивните писма.

## 3.2. Уверение за оспособеност за укажување на прва помош

Член 19

По завршување на проверката за оспособеност на кандидатите им се издава уверение за оспособеност за укажување на прва помош.

Кандидатите кои не поминале успешно на проверката за оспособеност ќе треба дополнително да се обучат од страна на организацијата која ја организира курсната настава и проверката без надоместок.

Член 20

Уверението го издава организацијата која е организатор на курсната настава и ја потпишува овластеното лице на организацијата и предавачот.

За кандидатите за возачи кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, уверението може да се издаде и на тој јазик и писмо.

За издадените уверенија за оспособеност се води посебна евиденција (писмена и електронска).

Член 21

Во случај на барање на кандидат за добивање на препис на уверение за оспособеност за укажување на прва помош, а за кој претходно е издадено уверение за оспособеност за укажување на прва помош, истиот може да се издаде по претходна проверка во евиденцијата и со надомест на трошоци во висина од 300,00 денари.

Преписот на уверението од став 1 на овој член го потпишува само овластеното лице на организацијата која ја организира курсната настава.

За издадените преписи на уверенија за оспособеност се води посебна евиденција (писмена и електронска)

## IV. АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 21

Документацијата за курсевите и проверката на оспособеноста ја чува и архивира организаторот на курсната настава.

Документација се состои од:

- пријави на кандидатите со пропратна документација;

- контролен тест;

-записник за курсот и проверката на оспособеност;

-список на кандидати.

Документацијата за курсевите и проверката на оспособеноста се чуваат три години.

Евиденцијата од член 18 став 2 на овој Правилник организаторот на курсната настава ја чува трајно.

Организаторот на курсната настава воспоставува и архива на видео и аудио записите/снимките, истите ги чува во две копии и ги уништува согласно законските одредби по изминувањето на 90 (деведесет) дена.

Член 22

Покрај физичкото чување и писменото евидентирање, организаторот на курсната настава е должен и редовно да ги внесува податоците за секој курс во тековниот месец во постоечкиот софтверски систем на ЦКРСМ.

Лицето одговорно за вршење на дејноста на првата помош во ЦКРСМ е одговорен за генерирање и собирање на неделните и месечните извештаи за спроведени курсеви по прва помош.

Член 23

Организаторот на курсната настава има обврска да обезбеди од ЦКРСМ потребна количина на прирачници со наставни содржини, уверенија, деловодни книги и слично за спроведување на курсната настава.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Член 25

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престанува важноста на Правилникот за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажувањена прва помошна лица повредени во сообраќајна незгода бр. 0202-651/16 од 04.07.2018 година и сите измени дополнувања кои се однесуваат на овој Правилник.

Претседател,

проф. д-р Ромел Велев